Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.61/04,96/04,67/07,156/09,47/11, 192/15,209/18 и Службен весник на РСМ“бр.244/19,53/21,77/21, 150/21,173/22),член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) и член 24 од Статут на Општина Чашка (“Сл.гласник на Општина Чашка” бр.8/07,7/19,1/20,16/20,5/21 ),

Советот на Општина Чашка на седницата одржана на ден 14.03.2024 година го усвои,

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНА ЧАШКА ЗА 2023 ГОДИНА

**Февруари 2024**

## 1.Вовед

Општина Чашка се наоѓа во централниот дел на Република Македонија. Општината зафаќа површина од 825 км² и се вбројува меѓу трите најголеми општини во Македонија .Формирана е во 1996 година, а со новиот Закон за територијална организација на локалната самоуправа во РМ од 2004 година, кон нејзината територија додадени се и териториите на поранешните Општини Богомила и Извор, како и дел од територијата на Општина Велес (селата Горно и Долно Јаболчиште).
Согласно одредбите на законот за територијалната организација на локалната самоуправа во РМакедонија („Службен весник на РМ “ бр 55/2004) општината Чашка претставува една од општините со седиште во село,односно со седиште во село Чашка.

Општината Чашка опфаќа 42 , населените места ,односно селата Бањица, Бистрица, Богомила, Бусилци, Владиловци, Витанци, Војница, Габровник, Голозинци, Горно Врановци, Горно Јаболчиште, Долно Врановци, Долно Јаболчиште, Дреново, Еловец, Извор, Капиново, Крајници, Крива Круша, Крнино, Лисиче, Мартолци, Мелница, Мокрени, Нежилово, Ново Село, Оморани, Ораов Дол, Ореше, Отиштино, Папрадиште, Плевење, Поменово, Попадија, Раковец, Смиловци, Согле, Стари Град, Стрепанци, Теово, Црешнево и Чашка. Во вкупно населените места живеат 8003 жители споредено со површината на општината Чашка 825 км2, просечната населеност на општината изнесува 9,3 жители на км2.

Во економијата на општината постојат деловни субјекти распоредени по следниве индустриски гранки, производни и услужни дејности :

**Деловни субјекти( извор Статистички годишник на Република Македонија,2018,2017, 2016,2015, 2014, Област Деловни субјекти , Државен завод за статистика Република Македонија)**

**Табела Активни деловни субјекти по големина за Општина Чашка**

| состојба | вкупно | микро | Мали | Средни | големи |
|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | 89 | 64 | 24 | 1 | 0 |
| 2020 | 92 | 69 | 21 | 2 | 0 |
| 2019 | 100 | 77 | 22 | 1 | 0 |
| 2018 | 95 | 72 | 22 | 1 | 0 |
| 2017 | 96 | 72 | 24 | 0 | 0 |
| 2016 | 96 | 73 | 23 | 0 | 0 |
| 2015 | 96 | 70 | 26 | 0 | 0 |
| 2014 | 90 | 69 | 21 | 0 | 0 |




**Табела Активни деловни субјекти по сектори според Националната класификација на дејностите Рев.2 во Општина Чашка**

| Сектори на дејност (состојба) | 2021 | 2020 | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 10 | 16 | 12 | 15 |
| Рударство и вадење на камен | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Преработувачка индустрија | 6 | 2 | 4 | 1 |
| Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад | 1 | 1 | 0 | 1 |
| Д Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Градежништво | 6 | 1 | 1 | 5 |
| Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли | 28 | 4 | 6 | 28 |
| Транспорт и складирање | 12 | 27 | 26 | 21 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 5 | 17 | 17 | 6 |
| Информации и комуникации | | 6 | 6 | 1 |
| Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување | | 1 | 0 | - |
| К Стручни, научни и технички дејности | 1 | 0 | 0 | - |
| Љ Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Образование | 3 | 1 | 1 | 3 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 10 | 10 | 10 | 10 |
| Уметност, забава и рекреација | | 1 | 1 | 1 |
| Други услужни дејности | 4 | 3 | 3 | 1 |
| Вкупно | 89 | 92 | 100 | 96 |




**Табела Продажни капацитети и типови на продавници во Чашка**
( Извор Попис на продажни капацитети во трговијата на мало во Република Македонија, 2008 Државен завод за статистика )

| | |
|---|---|
| Број на продавници | 46 |
| Продажен простор м² | 1342 |
| Приранчен магацин м² | 375 |

Од 01.07.2005 година согласно законот за децентрализација Општина Чашка ги преземе основачките права на 2 основни училишта, како установи основани од општината кои се јавуваат како буџетски корисници.

Од 01.01.2009 Општина Чашка со основањето на ОУ Лирија во Горно Јаболчиште ја превзеде надлежноста за исплата на плати на вработените и материјални трошоци од блок дотацијата.

Капиталните инвестиции и понатаму се надлежност на централната власт на Република Македонија.

1.2 **Буџет и Одлука за извршување на ОпштинаЧашка за 2023 год.**

Буџет и Одлука за извршување на Општина Чашка за 2023год е донесен на седницата одржана на 29.12.2022год.од страна на Советот на Општина Чашка.Измени и дополнувања на буџетот на Општина Чашка се донесени на седниците одржани на ден 13.07.2023 и 08.11.2023година

# 2.Годишна сметка

За обавување на основните функции и преземените надлежности согласно законот за децентрализацијата Советот на Општина Чашка за тековната 2023година донесе буџет во износ 196.769.231ден. по програми согласно буџетско-трезорското работење со следната структура на приходи и расходи:

**Планирани приходи**

Табела 1

| Планиран приходи по видови | 2022год. | 2023год |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 12.464.000 | 16.281.378 |
| Неданочни приходи | 920.000 | 1.130.000 |
| Капитални приходи | 8.301.000 | 9.990.000 |
| Трансфери | 37.761.000 | 63.908.082 |
| Наменски дотации | 80.898.000 | 100.258.177 |
| Приходи од самофинан. активности | 2.262.600 | 3.230.000 |
| Домашно задолжување | 0 | 0 |
| Донации | 2.229.428 | 871.594 |
| Пренесено салдо од претходна година | 998.000 | 1.100.000 |
| Вкупно планирани приходи | 145.834.028 | 196.769.231 |




**Кај планираните приходи за 2023 во износ 196.769.231 има зголемување од 34,93 % во 2023 во однос на 2022 година.**




**Планирани расходи**

Табела 2

| Планирани расходи по видови | 2022 год | 2023 год |
|---|---|---|
| Плати,наемнини и надоместоци | 84.753.000 | 100.657.493 |
| Резерви и недефинирани расходи | 230.000 | 630.000 |
| Стоки и услуги | 26.718.250 | 45.302.278 |
| Каматни плаќања | 80.000 | 80.000 |
| Субвенции и Трансфери | 8.190.000 | 14.827.000 |
| Социјални бенифиции | 70 000 | 70.000 |
| Капитални расходи | 22.492.778 | 31.902.460 |
| Отплата на главница | 3.300.000 | 3.300.000 |
| Вкупно планирани расходи | 145.834.028 | 196.769.231 |

Врз основа на усвоените програми кој се составен дел на буџетот на Општина Чашка е реализирано извршувањето на буџетот како следува:




**Кај планираните расходи за 2023 во износ 196.769.231 има зголемување од 34,93 % во 2023 во однос на 2022 година.**




Табела 3

**Вкупно реализирани приходи 177.294.537**

| Вкупно реализирани приходи | 2022год | 2023год |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 13.773.078 | 16.379.753 |
| Неданочни приходи | 1.788.916 | 766.776 |
| Капитални приходи | 2.911.290 | 3.901.042 |
| Трансфери | 46.044.417 | 66.474.401 |
| Наменски дотации | 83.724.975 | 88.575.652 |
| Приходи од самофинансирач.активности | 464.641 | 567.963 |
| Донации | 3.106.972 | 628.950 |
| Пренесено салдо од мината година | | |
| Вкупно реализирани приходи | 151.814.289 | 177.294.537 |

**Кај реализираните приходи имаме пораст во 2023 во однос на 2022 година.**







Кај реализираните приходи во 2023 имаме зголемување кај даночните приходи,наменските дотации и трансферите.

Табела 4

**Вкупно реализирани расходи159.916.136  денари**

| **Остварени  расходи по видови** | **2022год.** | **2023 год** |
|---|---|---|
| **Плати,наемнини и надоместоци** | **82.370.060** | **89.095.391** |
| **Резерви и недефинирани расходи** | **61.000** | **490.919** |
| **Стоки и услуги** | **31.375.536** | **35.239.420** |
| **Каматни плаќања** | **27.470** | **50.000** |
| **Субвенции и Трансфери** | **12.038.350** | **12.490.904** |
| **Социјални бенифиции** | **33.000** | **70.000** |
| **Капитални расходи** | **22.353.146** | **19.221.610** |
| **Отплата на главница** | **3.257.892** | **3.257.892** |
| **Вкупно остварени расходи** | **151.516.454** | **159.916.136** |




**Кај остварените расходи по видови 5.54% има зголемување на расходите во 2023 во однос на 2022 година.**




**Парични средства, побарувања , обврски и извори на средства**

Салдото на жиро сметката на буџетот на општината на 31.12.2023 година изнесува 3.633.482 денари Овие средства преставуваат вишок на приходи за пренос во наредната година за отплата на пренесени обврски од 2023год .

И салдото од наменските сметки во износ од 15.363.850 денари и тоа за:

-Проект Адресен регистер 5.500.000,

-Асалтирање на локален пат до село Чашка 8.000.000,

-Изработка на проектно техничка документација за дом на култура 1863850ден .

Вкупните побарувања на Општина Чашка на 31.12.2023 година изнесуваат 2.121.931 денари од кои :

- Данок на имот на 31.12.2023год изнесува 1.864.050 ден,

(облогот за данок за имот за физички лица на општина Чашка за 2023 година е 2.915.910 денари а наплатен данок на имот 1.653.986 денари и облог за данок на имот за правни лица 602.326) поради воведување на нов програм за даноци и комунални такси , репроценка и утврден зголемен фискален капацитет

- Комунална такса за истакнување фирма на 31.12.2023 изнесува ден.257.681

(облог за комунална такса за фирмарина на општина Чашка 577000,а наплатена комунална такса за фирмарина 319.319 денари поради воведување на нов програм за даноци и комунални такси, репроценка и утврден зголемен фискален капацитет

Вкупните обврски на Општина Чашка со завршната сметка за 2023 година изнесуваат 5.334.864 денари од кои :

- Обврски спрема добавувачи .....................4.934.998 ден

- Обврски за неплатен персонален данок ........ 399.866 ден

- Обврски по основ на под заем склучен помеѓу Министерство за финансиси и општина Чашка во износ од 9.741.237 ден како обврска која доспева два пати годишно по основ на главнина од 1.628.946 денари.

Обврски спрема добавувачите се однесуваат за обврски: дадени за потрошена електрична енергија за мината година и за месец 12 од 2023 год ,телефон,пошта, канцелариски материјал ,гориво и сл. а кои фактури како задолженија се добиени во месец јануари 2024 година , и заостанати обврски кои постепено се враќаат .

## 3. Реализација по програми за извршување на буџетот

Вкупните расходи по утврдени намени и резерви се реализирани по следните програми:

A - Совет на Општина
D - Градоначалник
E - Општинска администрација
G - Локален економски развој
F -Урбанистичко планирање и уредување на просторот
J - Комунални дејности
N - Образование
W - Противпожарна заштита

| Програми | Планирано 2023 | Реализирано 2023 | % реализација |
|---|---|---|---|
| Родова Еднаквост | 150.000 | 104.448 | **69,63** |
| Противпожарна заштита | 60.000 | 0 | **0,00** |
| Заштита и спасување | 100.000 | 100.000 | **100,00** |
| Детски градинки | 4.872.177 | 4.757.434 | **97,64** |
| Културни манифестации и творештво | 100.000 | 97.670 | **97,67** |
| Образование | 95.386.000 | 83.818.218 | **87,87** |
| Спорт и рекреација | 350.000 | 305.000 | **87,14** |
| Локален економски развој | 90.000 | 76.730 | **85,26** |
| Проекти за енергетска ефикасност | 80.000 | 0 | **0,00** |
| Комунални дејности | 33.915.460 | 24.598.199 | **72,53** |
| Капитални расходи за уредување на градежно земјиште | 5.207.000 | 184.080 | **3,54** |
| Урбанистичко планирање | 700.000 | 580.396 | **82,91** |
| Капитални трошоци на општината | 2.890.000 | 1.732.946 | **59,96** |
| Општинска администрација | 43.989.000 | 37.557.356 | **85,38** |
| Градоначалник | 2.615.000 | 2.189.991 | **83,75** |
| Совет на Општина | 2.700.000 | 2.408.708 | **89,21** |
| **Вкупно** | **193.204.637** | **158.511.176** | **82,04** |

Или % на реализација за сите програми вкупно е 82,04%




## 3.1. А0 – Совет на општина

Во буџетот на Општина Чашка за програмата на А - Совет на Општина од планираните 2.700.000 денари реализирани се 2.408.708 денари.

Советот на Општина Чашка во 2023година одржа 14 работни седници. За работењето на членовите на советот во 2023 година на име плати и надоместоци исплатени се 1.842.208денари. Од тековните резерви се потрошени средства во износ од 281.000 ден.

## 3.2. Д0 – Градоначалник

Во програмата на градоначалник од планираните 2.615.000 денари во буџетот, реализирани се 2.189.991ден.

За исплатени плати и надоместоци од плати се реализирани во износ од 1.498.290 денари.

## 3.3. Е0 – Општинска Администрација

Во вкупниот буџет на Општина Чашка за реализација на оваа програма беа предвидени средства во износ од 43.989.000денари, а се реализирани 37.557.356денари .

Најголем дел се однесува за исплатени плати и надоместоци од плати за вработените во општинската администрација во износ од 15.421.450ден. За стоки и услуги(комунални услуги , греење , комуникација, транспорт,ситен инвентар и тековно

одржување,други договорни услуги,други тековни расходи ) се потрошени 14.361.229ден од вкупната реализација по програма Е-Општинска администрација. За субвенции и трансфери се реализирани 4.466.785 ден.

За капитални трошоци на општината ЕА планирани се 2.890.000денари,а реализирани се 1.732.946денари

### 3.4.1 Г1- Локален економски развој

Во програмата за Локален економски развој се предвидени средства во износ од 90.000 денари, а се реализирани 76.730 денари .Поддршката согласно договорите за Вардарски регион е реализирана од програмата Е0-Општинска аминистрација

Тековни активности:

Програмата за активностите на Општина Чашка во областа на локалниот економски развој во текот на 2023 година се реализираа кон подршка на локалниот економски развој, поттикнување на развојот на туризмот,земјоделството

Редовно ажурирање на информациите на официјалната веб страна на општината за презентација на општина Чашка.

Подршка на сите манифестации и настани организирани од Општина Чашка преку други програми.

### 3.4.2 ГД- Проекти за енергетска ефикасност

Во програмата за проекти за енергетска ефикасност се предвидени средства во износ од 80.000 денари, а се реализирани 0 денари

## 3.5. Ј – Комунални дејности

За комунални дејности во буџетот за 2023година беа планирани средства во вкупен износ од 33.915.460 денари, а се реализирани преку програмите Ј-комунални дејности 24.598.199 денари.За реализација на активностите од Програмата за уредување на градежно земјиште и потрошените средства е поднесен извештај од страна на Одделението за урбанизам ,комунални дејности,сообраќај и заштита на животна средина и извештаи од другите програми.

## 3.6. Ф1- Урбанистичко планирање и уредување на просторот

За урбанистичкото планирање и уредување на просторот за 2023 год. планирани се средства во износ од 700.000 ден ,а реализирани се 580.396ден

### 3.6.1ФА- Капитални расходи за уредување на градежно земјиште

За урбанистичкото планирање и уредување на просторот за 2023 год. планирани се средства во износ од 5.207.000 ден ,а реализирани се 184.080ден

## 3.7.Н1 – Образование

Во 2023год. во Н-Програма за Образование планирани се средства во висина од 95.386.000 денари а реализирани се 83.818.218денари по основ за блок дотации.

Во Програмата за активностите на Општина Чашка во областа на образованието за 2023 година, се прикажани и средствата од самофинансирање планирани 1.805.000ден, а реализирани се во износ од 43.986ден.

## 3.8. W0 – Противпожарна заштита

Со Буџетот на Општина Чашка за 2023 година во Програмата W-Противпожарна заштита планирани се средства во вкупен износ од 60.000 денари а се реализирани 0 денари

### 3.9. Л0 -Спорт и рекреација

**Подршка на спортски сојузи**

Со цел да вклучи поголем број млади во спортскиот живот, Општината ги поддржува спортските сојузи и нивните активности.

Општината Чашка прави напори да го поддржи и да создава услови за што поголем развој на спортот на територија на општината. Особено е важно да се подобруваат условите на локално ниво за развој на квалитетниот спорт. Бидејќи средствата предвидени со Буџетот на Општината за 2023 година за оваа намена се ограничени, Советот на Општина Чашка донесе Решение за распределба на средства во висина од 350.000 денари за поддршка на спортот и здруженија на граѓани и фондации ,а реализирани се средства во износ од 305.000 денари за поддршка на спортот и здруженија на граѓани и фондации .

### 3.10. К4-Културни манифестации и творештва

За културни манифестации во 2023 година планирани се средства во висина од 100.000 денари а реализирани се 97.670 денари.

### 3.11. Q0-Заштита и спасување

За заштита и спасување во 2023 година планирани се средства во висина од 100.000 денари а реализирани се 100.000 денари

### 3.12. В1 Детски градинки

За Детски градинки во 2023 година планирани се средства во висина од 4.872.177 денари а реализирани се 4.757.434денари по основ за блок дотации.

Во Програмата за активностите на Општина Чашка во областа на детските градинки за 2023 година, се прикажани и средствата од самофинансирање планирани 888.000ден, а реализирани се во износ од 564.412ден.

### 3.13. Х1-Родова еднаквост

За субвенции и трансфери во 2023 година планирани се средства во висина од 150.000 денари а реализирани се 104.448 денари

## 4. Детален извештај за трошењето на тековната резерва

Од вкупно планираните средства за тековни резерви по потпрограма А0 – Совет на Општина, ставка 413 – Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 300.000 денари во 2023година вкупно се потрошени 281.000 денари.

Согласно донесените решенија за одобрување на средства од Буџетот на Општина Чашка средствата од 281.000 денари се потрошени:

На 11.05.2023 година –, за финансиска помош на Турција поради елемнтарна непогода на правното лице Црвен Крст се исплатени финансиски средства 100.000 денари.

На 24.07.2023 година –, за финансиска поддршка за одржување на мелнички средби на Мел мел 2023 се исплатени финансиски средства 150.000 денари.

На 25.08.2023 година –, за финансиска поддршка за одржување на општонароден собир во Црквата Св.Климент Охридски и Црквата Богородица се исплатени финансиски средства 20.000 денари.

На 21.11.2023 година –финансиска помош за тешка материјална и здравствена состојба на лицето Садиха Зекирова се исплатени финансиски средства од 6.000 денари

На 21.11.2023 година –финансиска помош за тешка материјална и здравствена состојба на лицето Неџат Староџевски се исплатени финансиски средства од 5.000 денари

Од вкупно планираните средства за тековни резерви по потпрограма Д0 – Градоначалник, ставка 413 – Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 300.000 денари ,во 2023 година вкупно се потрошени 209.919 денари и тоа

На 01.02.2023 година –финансиска помош за смрт на член од семејство на лицето Валентина Ристова се исплатени финансиски средства од 33011 денари.

На 02.02.2023 година – финансиска помош, трошоци за итно заминување во странство на лицето Рамадан Амзов се исплатени 30.000 денари плус персонален данок

На 01.03.2023 година – финансиска помош за смрт на член од семејство на лицето, на лицето Рамадан Ахмедов се исплатени 33.943 денари.

На 01.03.2023 година – финансиска помош за смрт на член од семејство на лицето, на лицето Меќаил Зеќиров се исплатени 34.364 денари

На 29.08.2023 година – финансиска помош, за смрт на член од семејство на лицето, на лицето Нина Маркова се исплатени 36.134 денари

На 28.09.2023 година – финансиска помош, за смрт на член од семејство на лицето, на лицето Тони Ристовски се исплатени 36.134 денари

На 16.10.2023 година – финансиска поддршка, на правното лице ЗСР Бабуна се исплатени 3000 денари

Совет на Општина Чашка
Претседател
Трајче Мишкоски

МА/